Предлог

Врз основа на член 22, став 1, точка 13 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а на предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на __.11. 2024 година ја донесе следната

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Велес**
**за поддршка на младите во 2025 година**

## I. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Поддршка на работата на Локалниот младински совет на Општина Велес, преку реализација на активности за учење и развој на членовите на Локалниот младински совет, со цел иницирање на активности поврзани со колективниот развој на младите во градот и друго;
- Создавање услови за поддршка на младински организации и организации за млади со цел реализирање на активности чија целна група се младите од Општина Велес;
- Поддршка на работата на Младинскиот центар во Општина Велес, со цел афирмација на Општина Велес во која особено внимание се посветува на создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности.

## II. АКТИВНОСТИ

За реализирање на целите на оваа Програма, Општина Велес ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси.

Општина Велес на младите ќе им помага преку:

- Поддршка во реализирање активности согласно Националната Стратегија за млади, Програмата за работа на Локалниот младински совет и Младинскиот центар, како и преку учество во партнерски проекти со организации за млади и младински организации кои делуваат на локално и национално ниво, во тесна соработка со Министерството за социјална политика, демографија и млади, младински чадор организации, Делегацијата на Европската унија, други меѓународни и национални организации и слично.

Во контекст на ова, активностите најмногу ќе се насочуваат кон сочувување на континуитетот на младинскиот активизам, негово проширување и надградување.

| | **Програма за активностите на Општина Велес за поддршка на младите во 2025 година** | |
|---|---|---|
| | **НАЗИВ** | **Предвидени средства** |
| **1** | **АКТИВНОСТИ** | **550.000,00** |
| 1.1. | Поддршка на активности на Локален младински совет на Општина Велес | 100.000,00 |
| 1.2. | Поддршка на активности на Младински центар во Велес | 450.000,00 |
| **ВКУПНО** | | **550.000,00** |

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма е од Буџетот на Општина Велес, спонзорства и донации.

За активностите од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност, квалитет и општ интерес ќе се појават во текот на 2025 година, доколку е потребно ќе бидат ангажирани дополнителни средства од Буџетот на општината.

## IV. ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Освен со финансиски средства, Општина Велес активностите на младите ќе ги помага и со:

- Доделување награди и признанија;
- Обезбедување стручна, техничка и други видови помош;
- Учество на промотивни и протоколарни средби;
- Организирање кампањи за потенцирање на потребата од вклучувањето на младите во ЛЕР, професионална ориентација и подобрување на стандардот за живеење;
- Организирање анкети за утврдување на интересот и насочување на сферите на делување на општината.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“, а ќе се применува од 01.01.2025 година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение**

Програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на младите во 2025 година претставува континуитет од Програмата за 2024 година.

Општина Велес ги имплементира законските одредби произлезени од Законот за младинско учество и младински политики, а со тоа се овозможува поддршка на работата на Локалниот младински совет на Општина Велес, меѓу кои и донесување на Локална Стратегија за млади на Општина Велес заедно со Акциски план, поддршка на работата на Младинскиот центар во Општина Велес, преку реализирање на активности од годишната Програма за работа на Младинскиот центар. Сето тоа овозможува создавање услови за поддршка на младински организации и организации за млади, но и на поединци, со цел реализирање на активности чија целна група се младите од Општина Велес.

Преку учеството во партнерски проекти со организации за млади и младински организации и/или младински чадор организации, Општина Велес овозможува поддршка и афирмација на волонтерското работење, младинскиот активизам и генералната поддршка на младите од градот и целата територија на Општина Велес.